T2

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АД ЕВРОПА СКОПЈЕ за 2023 година

АД ЕВРОПА Скопје, со целосен назив Акционерско друштво фабрика за чоколади, вафли и бонбони ЕВРОПА - Скопје е основана во Република Македонија и има седиште на ул. 808 бр.8 Скопје - Гази Баба.

Приоритетна дејност на друштвото е производство на кондиторски производи, а од другите дејности се и регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет.

Акционерската главнина на друштвото ја сочинуваат 255.583 обични акции. Номинална вредност на една акција изнесува 51,13 евра. На 31.12.2023 година структурата на акциите е следна:

- сопствени акции - 25.549
- акции на правни лица – 172.511
- акции на физички лица – 57.054
- неидентификувани акции - 469

Заработувачката по акција за 2023 година изнесува 146 денари, а во 2022 година изнесуваше 182 денари.

Финансиските извештаи на АД Европа Скопје се изготвени во согласност на Законот за трговски друштва(„Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 290/20, 215/21, 99/22), според Меѓународните сметководствени стандарди (МСС), Меѓународнитестандарди за финансиско известување (МСФИ) објавени и прифатени во Република Македонија и Правилникот за водење на сметководство Сл.весник на РМ 159/2009; 164/2010 и 107/2011.

## 1. ПРОДАЖБА

Во 2023 година остварен е вкупен износ на продажба од 889.173.994 денари и е зголемен за 1,5% во однос на истиот период во 2022 година. Остварена е количинска продажба од 4.079 тона и е намалена за 7,4% во однос на 2022 година.

Планот за износот на вкупната продажба е остварен со 96,7%, а кај количинската продажба со 89,6%.

На домашен пазар се реализирани 49% од вкупниот износ на продажба, а на странски пазар 51%.









Табела бр.1

| | | 2022 МКД | 2023 МКД | раст/пад % | План 2023 МКД | Остварување на план за 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ПРОДАЖБА ЗА 2023** | | | | | |
| | **Дистрибутери** | | | | | |
| 1 | Мако маркет | 153.646.615 | 149.920.151 | -2,43 | 147.000.000 | 101,99 |
| 2 | Ас сењак | 85.204.378 | 98.986.549 | 16,18 | 90.200.000 | 109,74 |
| | **Вкупно дистрибутери** | **238.850.993** | **248.906.700** | **4,21** | **237.200.000** | **104,94** |
| | **Хард дисконти** | | | | | |
| 1 | КАМ | 44.516.727 | 48.591.332 | 9,15 | 45.000.000 | 107,98 |
| 2 | Стокомак | 27.286.624 | 32.345.184 | 18,54 | 30.000.000 | 107,82 |
| | **Вкупно хард дисконти** | **71.803.351** | **80.936.516** | **12,72** | **75.000.000** | **107,92** |
| | **Останати фирми** | | | | | |
| 1 | Останати (Грандпром Зур, Тим инжениринг, Екстра Тинекс, Х.Метропол, Макошпед) | 5.486.561 | 6.537.621 | 19,16 | | |
| 2 | Мако маркет - Аполон ПЛ | 5.299.402 | 3.447.636 | -34,94 | | |
| 3 | Фершпед | 1.101.763 | 1.597.225 | 44,97 | | |
| 4 | Даути комерц | 5.825.157 | 1.147.235 | -80,31 | | |
| | **Вкупно останати фирми** | **17.712.883** | **12.729.717** | **-28,13** | **22.000.000** | **57,86** |
| | **Наши продавници** | | | | | |
| | Фабрика-наши производи | 9.333.081 | 10.728.803 | 14,95 | | |
| | Фабрика-туѓа роба | 173.171 | 140.765 | -18,71 | | |
| 1 | **Вкупно- Фабрика** | **9.506.252** | **10.869.568** | **14,34** | | |
| | Бит Пазар-наши производи | 8.377.872 | 9.634.392 | 15,00 | | |
| | Бит Пазар-туѓа роба | 0 | 7.536 | | | |
| 2 | **Вкупно-Бит Пазар** | **8.377.872** | **9.641.928** | **15,09** | | |
| | Лептокарија-наши производи | 5.822.491 | 6.767.018 | 16,22 | | |
| | Лептокарија-туѓа роба | 2.045.759 | 2.639.892 | 29,04 | | |
| 3 | **Вкупно-Лептокарија** | **7.868.250** | **9.406.910** | **19,56** | | |
| | ГТЦ-наши производи | 7.689.279 | 8.632.047 | 12,26 | | |
| | ГТЦ-туѓа роба | 381.185 | 511.065 | 34,07 | | |
| 4 | **Вкупно-ГТЦ** | **8.070.464** | **9.143.112** | **13,29** | | |
| | Сити мол -наши производи | 5.670.706 | 6.946.129 | 22,49 | | |
| | Сити мол-туѓа роба | 142.739 | 136.739 | -4,20 | | |
| 5 | **Вкупно-Сити мол** | **5.813.445** | **7.082.868** | **21,84** | | |
| | Комора-наши производи | 4.353.819 | 4.807.347 | 10,42 | | |
| | Комора-туѓа роба | 178.595 | 112.136 | -37,21 | | |
| 6 | **Вкупно-Комора** | **4.532.414** | **4.919.483** | **8,54** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Рампа-наши производи | 4.083.129 | 4.378.859 | 7,24 |
| | Рампа-туѓа роба | 378.106 | 408.573 | 8,06 |
| **7** | **Вкупно-Рампа** | **4.461.235** | **4.787.432** | **7,31** |
| | Аеродром-наши производи | 3.334.931 | 4.213.667 | 26,35 |
| | Аеродром-туѓа роба | 342.583 | 376.573 | 9,92 |
| **8** | **Вкупно-Аеродром** | **3.677.514** | **4.590.240** | **24,82** |
| | Ѓорче Петров-наши производи | 3.037.093 | 3.850.877 | 26,79 |
| | Ѓорче Петров-туѓа роба | 475.827 | 534.800 | 12,39 |
| **9** | **Вкупно-Ѓорче Петров** | **3.512.920** | **4.385.677** | **24,84** |
| | Ист гејт мол-наши производи | 3.086.408 | 4.225.357 | 36,90 |
| | Ист гејт мол-туѓа роба | 77.616 | 105.798 | 36,31 |
| **10** | **Вкупно-Ист гејт мол** | **3.164.024** | **4.331.155** | **36,89** |
| | Бутел-наши производи | 3.193.452 | 4.006.531 | 25,46 |
| | Бутел-туѓа роба | 73.242 | 120.374 | 64,35 |
| **11** | **Вкупно-Бутел** | **3.266.694** | **4.126.905** | **26,33** |
| | Зебра-наши производи | 1.644.747 | 3.964.227 | 141,02 |
| | Зебра-туѓа роба | 15.784 | 70.187 | 344,67 |
| **12** | **Вкупно-Зебра** | **1.660.531** | **4.034.414** | **142,96** |
| | Дебар маало-наши производи | 3.065.407 | 3.624.580 | 18,24 |
| | Дебар маало-туѓа роба | 228.475 | 168.422 | -26,28 |
| **13** | **Вкупно-Дебар маало** | **3.293.882** | **3.793.002** | **15,15** |
| | Ристичева-наши производи | 984.671 | 1.602.783 | 62,77 |
| | Ристичева-туѓа роба | 2.007.805 | 1.612.852 | -19,67 |
| **14** | **Вкупно-Ристичева** | **2.992.476** | **3.215.635** | **7,46** |
| | Куманово-наши производи | 2.503.371 | 2.820.756 | 12,68 |
| | Куманово-туѓа роба | 60.254 | 59.686 | -0,94 |
| **15** | **Вкупно-Куманово** | **2.563.625** | **2.880.442** | **12,36** |
| | Струмица-наши производи | 1.071.555 | 1.357.079 | 26,65 |
| | Струмица-туѓа роба | 14.013 | 27.422 | 95,69 |
| **16** | **Вкупно-Струмица** | **1.085.568** | **1.384.501** | **27,54** |
| | Сингелиќ - наши производи | 0 | 1.502.581 | |
| | Сингелиќ - туѓа роба | 0 | 7.801 | |
| **17** | **Вкупно - Сингелиќ** | **0** | **1.510.382** | |
| | Гевгелија-наши производи | 1.123.328 | 1.182.628 | 5,28 |
| | Гевгелија-туѓа роба | 9.042 | 30.184 | 233,82 |
| **18** | **Вкупно-Гевгелија** | **1.132.370** | **1.212.812** | **7,10** |
| | TO GO-наши производи | 0 | 629.208 | |
| | TO GO -туѓа роба | 0 | 7.267 | |
| **19** | **Вкупно-TO GO** | **0** | **636.475** | |
| | Гостивар-наши производи | 222.077 | 385.711 | 73,68 |
| | Гостивар-туѓа роба | 3.882 | 14.762 | 280,27 |
| **20** | **Вкупно-Гостивар** | **225.959** | **400.473** | **77,23** |
| 21 | Мобилна продавница | 0 | 5.195 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно продавници (наши производи) | 68.597.417 | 85.265.775 | 24,30 | 77.150.000 | 110,52 |
| | Туѓа роба (рс) | 6.608.078 | 7.092.834 | 7,34 | | |
| | **Вкупно продавници (наши производи+туѓа роба)** | **75.205.495** | **92.358.609** | **22,81** | | |
| | **Вкупно Домашен пазар - наши производи** | **396.964.644** | **427.838.708** | **7,78** | **411.350.000** | **104,01** |
| | **Вкупно Домашен пазар -наши производи+туѓа роба** | **403.572.722** | **434.931.542** | **7,77** | | |
| | **Странски пазар** | | | | | |
| 1 | Еуропа - Косово | 106.059.930 | 105.833.855 | -0,21 | 108.000.000 | 97,99 |
| 2 | Дриновци - Б и Х | 71.936.935 | 79.034.617 | 9,87 | 73.000.000 | 108,27 |
| 3 | Левентиќ - Хрватска | 72.610.026 | 58.515.928 | -19,41 | 71.000.000 | 82,42 |
| 4 | Дукла - Србија | 45.435.277 | 41.510.795 | -8,64 | 58.800.000 | 70,60 |
| | Хамлет - Белгија | 29.666.026 | 31.408.567 | 5,87 | | |
| | Косова фудс - Белгија | 790.405 | 1.852.808 | 134,41 | | |
| **5** | **Вкупно - Белгија** | **30.456.431** | **33.261.375** | **9,21** | **33.000.000** | **100,79** |
| 6 | Барон - Словенија | 36.321.885 | 31.303.974 | -13,82 | 40.000.000 | 78,26 |
| 7 | Мастерлид - Романија | 19.583.043 | 21.716.008 | 10,89 | 18.000.000 | 120,64 |
| 8 | Стар ексклузивас - Шпанија | 29.420.556 | 12.481.748 | -57,57 | 34.500.000 | 36,18 |
| 9 | ТОП Нитра - Словачка | 0 | 10.479.728 | | | |
| 10 | Фаст пак - САД | 5.518.617 | 10.151.192 | 83,94 | 9.800.000 | 103,58 |
| 11 | Нерегелиа - Црна Гора | 10.338.993 | 9.360.473 | -9,46 | 10.000.000 | 93,60 |
| | Аделина - Шведска | 8.404.536 | 7.071.364 | -15,86 | | |
| | Грин сејлс - Шведска | 0 | 635.040 | | | |
| | Норд фуд - Шведска | 587.682 | 0 | | | |
| **12** | **Вкупно - Шведска** | **8.992.218** | **7.706.404** | **-14,30** | | |
| | Tri d`aix - Германија | 3.780.075 | 4.643.412 | 22,84 | | |
| | Капсикум - Германија | 2.165.799 | 1.326.145 | -38,77 | | |
| **13** | **Вкупно - Германија** | **5.945.874** | **5.969.557** | **0,40** | | |
| | Диамбе - Албанија | 4.144.206 | 4.314.290 | 4,10 | | |
| | Маријана Пепа - Албанија | 471.967 | 0 | | | |
| **14** | **Вкупно - Албанија** | **4.616.173** | **4.314.290** | **-6,54** | | |
| 15 | Марко Поло - Австралија | 7.634.873 | 4.308.248 | -43,57 | 8.000.000 | 53,85 |
| | Маестрал - Швајцарија | 0 | 2.507.019 | | | |
| | Ам фуд - Швајцарија | 292.634 | 1.501.361 | 413,05 | | |
| | Екопак - Швајцарија | 3.284.905 | 0 | | | |
| | Булкос Инт. Груп - Швајцарија | 1.199.810 | 0 | | | |
| **16** | **Вкупно - Швајцарија** | **4.777.349** | **4.008.380** | **-16,10** | | |
| | Трендмастер - Унгарија | 0 | 3.303.742 | | | |
| | Кендиз - Унгарија | 0 | 281.703 | | | |
| | Per sweet - Унгарија | 959.481 | 0 | | | |
| **17** | **Вкупно - Унгарија** | **959.481** | **3.585.445** | **273,69** | | |
| | Елитера - Грција | 4.279.505 | 2.392.993 | -44,08 | | |
| | Виктори - Грција | 0 | 696.294 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **18** | **Вкупно - Грција** | **4.279.505** | **3.089.287** | **-27,81** | | |
| | СВА Нугет - Чешка | 0 | 1.729.775 | | | |
| | Јакуб Фиала - Чешка | 0 | 1.085.022 | | | |
| | Виолет - Чешка | 1.759.076 | 0 | | | |
| **19** | **Вкупно - Чешка** | **1.759.076** | **2.814.797** | **60,02** | | |
| 20 | МАР - Франција | 0 | 2.414.458 | | | |
| | Скан чоко - Данска | 1.920.811 | 2.030.082 | 5,69 | | |
| | Бон кока - Данска | 0 | 351.811 | | | |
| **21** | **Вкупно - Данска** | **1.920.811** | **2.381.893** | **24,00** | | |
| 22 | YYZ Сурплус - Канада | 3.447.120 | 0 | | | |
| 23 | Сиервис - Русија | 466.433 | 0 | | | |
| 24 | Годи Сполка - Полска | 73.064 | 0 | | | |
| | | | | | 36.800.000 | 127,08 |
| | **Вкупно Странски пазар** | **472.553.670** | **454.242.452** | **-3,87** | **500.900.000** | **90,69** |
| | **Вкупна продажба-наши производи** | **869.518.314** | **882.081.160** | **1,44** | **912.250.000** | **96,69** |
| | **Вкупна продажба-наши производи+туѓа роба** | **876.126.392** | **889.173.994** | **1,49** | | |

Табела бр.2

## ПРОДАЖБА ЗА 2023

| | | 2022 кг | 2023 кг | раст/пад % | План 2023 кг | Остварување на план за 2023 % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Дистрибутери** | | | | | |
| 1 | Мако маркет | 530.668 | 496.277 | -6,48 | 580.000 | 85,57 |
| 2 | Ас сењак | 313.946 | 349.221 | 11,24 | 350.000 | 99,78 |
| | **Вкупно дистрибутери** | **844.614** | **845.498** | **0,10** | **930.000** | **90,91** |
| | **Хард дисконти** | | | | | |
| 1 | КАМ | 307.050 | 288.449 | -6,06 | 330.000 | 87,41 |
| 2 | Стокомак | 154.596 | 179.406 | 16,05 | 160.000 | 112,13 |
| | **Вкупно хард дисконти** | **461.646** | **467.855** | **1,34** | **490.000** | **95,48** |
| | **Останати фирми** | | | | | |
| 1 | Останати (Грандпром Зур, Тим инженеринг, Екстра Тинекс, Х.Метропол, Макошпед) | 13.847 | 23.531 | 69,94 | | |
| 2 | Мако маркет - Аполон ПЛ | 39.493 | 22.335 | -43,45 | | |
| 3 | Даути комерц | 24.865 | 4.955 | -80,07 | | |
| 4 | Фершпед | 2.594 | 3.924 | 51,27 | | |
| | **Вкупно останати фирми** | **80.799** | **54.745** | **-32,25** | **120.000** | **45,62** |
| | **Наши продавници** | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Лептокарија-наши производи | 16.554 | 18.361 | 10,92 |
| | Лептокарија-туѓа роба | 15.533 | 19.147 | 23,27 |
| **1** | **Вкупно-Лептокарија** | **32.087** | **37.508** | **16,89** |
| | Бит Пазар-наши производи | 32.202 | 32.942 | 2,30 |
| | Бит Пазар-туѓа роба | 0 | 261 | |
| **2** | **Вкупно-Бит Пазар** | **32.202** | **33.203** | **3,11** |
| | Фабрика-наши производи | 29.755 | 30.876 | 3,77 |
| | Фабрика-туѓа роба | 904 | 914 | 1,11 |
| **3** | **Вкупно- Фабрика** | **30.659** | **31.790** | **3,69** |
| | ГТЦ-наши производи | 22.916 | 24.112 | 5,22 |
| | ГТЦ-туѓа роба | 2.182 | 3.519 | 61,27 |
| **4** | **Вкупно-ГТЦ** | **25.098** | **27.631** | **10,09** |
| | Сити мол -наши производи | 15.908 | 17.489 | 9,94 |
| | Сити мол-туѓа роба | 979 | 996 | 1,74 |
| **5** | **Вкупно-Сити мол** | **16.887** | **18.485** | **9,46** |
| | Рампа-наши производи | 12.451 | 12.249 | -1,62 |
| | Рампа-туѓа роба | 2.340 | 2.447 | 4,57 |
| **6** | **Вкупно-Рампа** | **14.791** | **14.696** | **-0,64** |
| | Комора-наши производи | 12.976 | 13.530 | 4,27 |
| | Комора-туѓа роба | 1.076 | 715 | -33,55 |
| **7** | **Вкупно-Комора** | **14.052** | **14.245** | **1,37** |
| | Ѓорче Петров-наши производи | 8.644 | 10.660 | 23,32 |
| | Ѓорче Петров-туѓа роба | 2.528 | 3.004 | 18,83 |
| **8** | **Вкупно-Ѓорче Петров** | **11.172** | **13.664** | **22,31** |
| | Аеродром-наши производи | 9.469 | 11.432 | 20,73 |
| | Аеродром-туѓа роба | 1.658 | 2.228 | 34,38 |
| **9** | **Вкупно-Аеродром** | **11.127** | **13.660** | **22,76** |
| | Ист гејт мол-наши производи | 9.341 | 11.799 | 26,31 |
| | Ист гејт мол-туѓа роба | 441 | 829 | 87,98 |
| **10** | **Вкупно-Ист гејт мол** | **9.782** | **12.628** | **29,09** |
| | Бутел-наши производи | 10.377 | 11.838 | 14,08 |
| | Бутел-туѓа роба | 320 | 779 | 143,44 |
| **11** | **Вкупно-Бутел** | **10.697** | **12.617** | **17,95** |
| | Ристичева-наши производи | 1.907 | 3.380 | 77,24 |
| | Ристичева-туѓа роба | 9.925 | 8.437 | -14,99 |
| **12** | **Вкупно-Ристичева** | **11.832** | **11.817** | **-0,13** |
| | Зебра-наши производи | 4.611 | 10.597 | 129,82 |
| | Зебра-туѓа роба | 57 | 494 | 766,67 |
| **13** | **Вкупно-Зебра** | **4.668** | **11.091** | **137,60** |
| | Дебар маало-наши производи | 8.619 | 9.705 | 12,60 |
| | Дебар маало-туѓа роба | 1.218 | 1.075 | -11,74 |
| **14** | **Вкупно-Дебар маало** | **9.837** | **10.780** | **9,59** |
| | Куманово-наши производи | 7.084 | 7.409 | 4,59 |
| | Куманово-туѓа роба | 251 | 427 | 70,12 |
| **15** | **Вкупно-Куманово** | **7.335** | **7.836** | **6,83** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Сингелиќ - наши производи | 0 | 4.322 | | | |
| | Сингелиќ - туѓа роба | 0 | 120 | | | |
| **16** | **Вкупно - Сингелиќ** | **0** | **4.442** | | | |
| | Струмица-наши производи | 3.081 | 3.491 | 13,31 | | |
| | Струмица-туѓа роба | 66 | 292 | 342,42 | | |
| **17** | **Вкупно-Струмица** | **3.147** | **3.783** | **20,21** | | |
| | Гевгелија-наши производи | 3.686 | 3.232 | -12,32 | | |
| | Гевгелија-туѓа роба | 57 | 287 | 403,51 | | |
| **18** | **Вкупно-Гевгелија** | **3.743** | **3.519** | **-5,98** | | |
| | ТО GO-наши производи | 0 | 1.893 | | | |
| | ТО GO -туѓа роба | 0 | 91 | | | |
| **19** | **Вкупно-ТО GO** | **0** | **1.984** | | | |
| | Гостивар-наши производи | 572 | 1.022 | 78,67 | | |
| | Гостивар-туѓа роба | 12 | 78 | 550,00 | | |
| **20** | **Вкупно-Гостивар** | **584** | **1.100** | **88,36** | | |
| | Мобилна продавница | 0 | 6 | | | |
| | **Вкупно продавници (наши производи)** | **210.153** | **240.345** | **14,37** | **230.000** | **104,50** |
| | **Туѓа роба (рс)** | **39.547** | **46.140** | **16,67** | | |
| | **Вкупно продавници (наши производи+туѓа роба)** | **249.700** | **286.485** | **14,73** | | |
| | **Вкупно Домашен пазар - наши производи** | **1.597.212** | **1.608.443** | **0,70** | **1.770.000** | **90,87** |
| | **Вкупно Домашен пазар -наши производи+туѓа роба** | **1.636.759** | **1.654.583** | **1,09** | | |
| | **Странски пазар** | | | | | |
| 1 | Еуропа - Косово | 659.865 | 585.159 | -11,32 | 680.000 | 86,05 |
| 2 | Дриновци - Б и Х | 403.365 | 410.447 | 1,76 | 400.000 | 102,61 |
| 3 | Левентиќ - Хрватска | 427.505 | 306.326 | -28,35 | 380.000 | 80,61 |
| 4 | Дукла - Србија | 309.200 | 270.065 | -12,66 | 330.000 | 81,84 |
| 5 | Барон - Словенија | 231.888 | 175.815 | -24,18 | 170.000 | 103,42 |
| 6 | Мастерлид - Романија | 140.624 | 143.252 | 1,87 | 100.000 | 143,25 |
| | Хамлет - Белгија | 95.104 | 102.457 | 7,73 | | |
| | Косова фудс - Белгија | 2.811 | 6.730 | 139,42 | | |
| **7** | **Вкупно - Белгија** | **97.915** | **109.187** | **11,51** | **100.000** | **109,19** |
| 8 | ТОП Нитра - Словачка | 0 | 68.920 | | | |
| 9 | Стар ексклузивас - Шпанија | 178.528 | 65.035 | -63,57 | 180.000 | 36,13 |
| 10 | Нерегелиа - Црна Гора | 67.492 | 56.265 | -16,63 | 50.000 | 112,53 |
| 11 | Фаст пак - САД | 31.313 | 50.730 | 62,01 | 40.000 | 126,83 |
| | Аделина - Шведска | 38.650 | 28.981 | -25,02 | | |
| | Грин сејлс - Шведска | 0 | 4.964 | | | |
| | Норд фуд - Шведска | 5.040 | 0 | | | |
| **12** | **Вкупно - Шведска** | **43.690** | **33.945** | **-22,30** | | |
| | Диамбе - Албанија | 28.172 | 29.233 | 3,77 | | |
| | Маријана Пепа - Албанија | 3.825 | 0 | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13** | **Вкупно - Албанија** | **31.997** | **29.233** | **-8,64** | | |
| | Елитера - Грција | 28.975 | 17.441 | -39,81 | | |
| | Виктори - Грција | 0 | 2.040 | | | |
| **14** | **Вкупно - Грција** | **28.975** | **19.481** | | | |
| | Tri d`aix - Германија | 14.250 | 14.256 | 0,04 | | |
| | Капсикум - Германија | 10.263 | 5.058 | -50,72 | | |
| **15** | **Вкупно - Германија** | **24.513** | **19.314** | **-21,21** | | |
| 16 | Марко Поло - Австралија | 36.290 | 18.574 | -48,82 | 40.000 | 46,44 |
| | Трендмастер - Унгарија | 0 | 15.300 | | | |
| | Кендиз - Унгарија | 0 | 864 | | | |
| | Per sweet - Унгарија | 3.240 | 0 | | | |
| **17** | **Вкупно - Унгарија** | **3.240** | **16.164** | **398,89** | | |
| | Маестрал - Швајцарија | 0 | 9.952 | | | |
| | Ам фуд - Швајцарија | 1.371 | 5.752 | 319,55 | | |
| | Екопак - Швајцарија | 13.401 | 0 | | | |
| | Булкос Инт. Груп - Швајцарија | 5.665 | 0 | | | |
| **18** | **Вкупно - Швајцарија** | **20.437** | **15.704** | **-23,16** | | |
| | СВА Нугет - Чешка | 0 | 7.812 | | | |
| | Јакуб Фиала - Чешка | 0 | 4.576 | | | |
| | Виолет - Чешка | 7.128 | 0 | | | |
| **19** | **Вкупно - Чешка** | **7.128** | **12.388** | **73,79** | | |
| 20 | МАР - Франција | 0 | 11.892 | | | |
| | Скан чоко - Данска | 6.096 | 5.661 | -7,14 | | |
| | Бон кока - Данска | 0 | 1.080 | | | |
| **21** | **Вкупно - Данска** | **6.096** | **6.741** | **10,58** | | |
| 22 | YYZ Сурплус - Канада | 18.055 | 0 | | | |
| 23 | Сиервис - Русија | 2.026 | 0 | | | |
| 24 | Годи Сполка - Полска | 345 | 0 | | | |
| | | | | | 260.000 | 89,92 |
| | **Вкупно Странски пазар** | **2.770.487** | **2.424.637** | **-12,48** | **2.730.000** | **88,81** |
| | **Вкупна продажба-наши производи** | **4.367.699** | **4.033.080** | **-7,66** | **4.500.000** | **89,62** |
| | **Вкупна продажба-наши производи+туѓа роба** | **4.407.246** | **4.079.220** | **-7,44** | | |

## 1.1. Домашен пазар

На домашен пазар износот на остварената продажба за 2023 година е 434.931.542 денари и има зголемување од 7,8 %, а количински остварена е продажба од 1.654,6 тона и е зголемена за 1,1% во споредба со 2022 година.

Продажбата на домашен пазар во 2023 година е реализирана преку:

- Дистрибутери
- Хард дисконти
- Сопствени продавници
- Останати фирми







## 1.2. Странски пазар

Продажбата на странски пазар во 2023 година изнесува 454.242.452 денари и има намалување од 3,9% во однос на 2022 година. Остварена е количинска продажба од 2.424,6 тона и е намалена за 12,5% во однос на 2022 година.




## 2. Маркетинг

### 2.1. Активности на тим Маркетинг и продажба

Во текот на 2023 година, се спроведоа низа активности кои беа посветени за зајакнување на лидерската позиција на пазарот и унапредување и развој на брендот Европа.

Ребрендиравме дел од продавниците со унифицираност на надворешниот брендинг и го зголемивме бројот на специјализирани продавници со отворање на две нови. Продавницата на улица "Македонија"во центарот на Скопје е со уникатен концепт на продажба на свежи рефусни производи и подготовка на топли напитоци какао и чоколадо. Ова слатко катче за многу брзо време стана препознатливо кај купувачите кои уживаат во вкусовите на производите и напитоците. Населбата Ченто беше втората локација каде Европа се доближи до своите купувачи со отворање на нова продавница во најпознатиот дел од населбата веднаш на почетокот на пазарот каде секојдевно се движат голем број жители.

Во текот на летните месеци во Охрид се организираа викенд дегустации на нашите производи за гостите на хотелите "Метропол" и "Белви", а посетителите на плажите можеа да ги купат нашите производи во дрвената куќичка на хотелскиот комплекс. Крајот на годината го одбележаа викенд дегустациите на ски терените во Маврово, односно хотелот "Фершпед" каде беше поставена продажна витрина со наши производи кои можеа да ги купуваат гостите и посетителите.

Се спроведоа активности за унапредување на брендот Европа со промени во изгледот на излозите во нашите продавници воведувајќи унифицираност на понудата со употреба на три основни бои на Европа машни: крем, кафена и темно црвена. Го реализиравме и планот за поедноставување на досегашниот начин на уредување на излозите и производите на рафтовите. Промената ја воведовме и при изработката на

новите дизајни на рекламните материјали, амбалажите на производите, и во начинот на комуникација на социјалните медиуми.

Проширувањето на палетата производи за доближување до најмладите како идни купувачи кои се приврзуваат за брендот уште од најмала возраст, се реализира со развој на солена програма, флипс и чипс производи во пакувања од 40 г кои ќе се произведуваат како наша приватна марка. За овие производи се дизајнираше амбалажа и се осмисли концептот "Добредојде на ѕверковците од планетата ОПА" (името е изведено од ЕврОПА).

Крајот на годината го одбележа и склучувањето на договор со Медианет ЛТД за медиумска присутност на Европа со објавување на ПР текстови на нивните портали со цел доближување на поширок аудиториум читатели од различни возрасни групи.

### 2.1.1. Кид Експо – март 2023

Се претставивме со детската палета производи: Крем банана, Мини чоколади, Брикс чоколади, Чоко Зајко, велигденски пакетчиња, бастумчиња, бонбони, како и чоколади Елит, Чокорајс, Интегрални бисквити.






### 2.1.2. Ребрендирање на продавници – мај 2023

Надворешниот брендинг на продавниците Аеродром, Рампа, Ѓорче Петров се замени со нов унифициран брендинг на тендите и светлечките реклами.








### 2.1.3. Дегустации на производи во хотели Метропол и Белви Охрид – јули/август 2023

Ова лето посетителите на плажите "Метропол" и "Белви", и гостите на овие хотели уживаа во слатките дегустации на нашите производи: Интегрални бисквити, Минти, тврди бонбони. Дел од понудата на производи беше достапна за продажба во дрвената куќарка на плажата на хотелскиот комплекс.





### 2.1.4. Cherry Cup 2023 – септември 2023

Од 15-17.09.2023 во хотелот "Александар Палас" се одржа меѓународниот тениски турнир Cherry Cup 2023. Нашето учество беше со дводневна дегустација на производите кои беа понудени на гостите (Интегрални бисквити, Мини чоколади и вафли) и доделување на подароци (Крем банана во кутија и боенка) за победниците на купот.





### 2.1.5. Отварање на нова продавница во населба Ченто – септември 2023

Отворањето на продавницата беше на 13.09.2023 година на локацијата спроти Поликлиниката Чаир веднаш до пазарот што ја прави особено привлечна за минувачите кои во овој дел на населбата секојдневно се во голем број. Во оваа продавница е понуден целиот асортиман на нашите производи.






### 2.1.6. Прв академски час – Педагошки факултет – октомври 2023

На 02.10.2023 во Педагошкиот факултет во Скопје се одржа свечено започнување на првиот академски час со поздравен говор во амфитеатарот и сладок коктел за сите присутни со наши производи: Крем банана, Брикс чоколади и Интегрални бисквити.





### 2.1.7. Отварање на нова продавница на улица Македонија – ноември 2023

Отворањето на продавницата беше на 01.11.2023 година во строгиот центар на градот, на најпосетуваната улица во Скопје. Уникатноста на оваа продавница е што овде се продаваат рефусни производи и се подготвуваат топли напитоци , какао и чоколадо.






### 2.1.8. Светски танцов куп – хотел Александар Палас – ноември 2023

Од 06 – 10.11.2023 се одржа Светски танцов куп на кој бевме присутни со продажен пулт за следните производи: Крем банана, Брикс чоколади, Јадран и Хазел вафли, Елит чоколади.







### 2.1.9. Дегустации на производи во хотел Фершпед Маврово - декември 2023

Зимските радости на посетителите и гостите во Маврово беа уште поголеми со дегустациите на нашите производи: Крем банана, Чоко зајко, бастумчиња, бонбони. Подготвените топли напитоци, какао и чоколадо, го зголемија уживањето на сите присутни. Во хотелот имавме продажна витрина со дел од палетата наши производи.










### 2.1.10. Посета на фабриката на членовите од Здружението "Весписти Скопје" – декември 2023

На 29.12.2023 нашата фабрика ја посетија веселите Дедо Мразовци од Здружението "Весписти" од Скопје. Покрај тоа што ни приредија незаборавно дружење со многу насмевки, понесоа со себе некои наши производи: Крем банани, бонбони, бастумчиња кои потоа ги поделија на децата на плоштадот "Македонија" во центарот на градот.






### 2.1.11. Украсување на излози на специјализираните продавници – декември 2023

Украсување на излозите на сите продавници со однапред осмислен концепт се спроведе со селекција на украси, изложување на ексклузивните 1882 производи и поставување на новогодишни зеленики и елки заедно со новогодишните пакетчиња и големите бастуми како наш уникатен производ.





## 2.1.12. Изработка на дизајни за рекламни материјали

Се изработија дизајни за: рол банер, рекламен пулт, мали и големи календари, нова хартиена кеса, прајс таг, шелф лајнер, брендирани сатенски машни, картички за цени, сталажи.




## 2.1.13. Ре-дизајн на амбалажа на производи

Рум бар






## 2.1.14. Изработка на дизајн за солена програма на Европа – флипс и чипс

Развојот на нови производи со различен концепт од досегашните АД Европа го започна со проширување на лепезата детски производи и тоа со солени флипс и чипс во 40 г пакувања. Нашата приказна за Ѕверковците од планетата ОПА е прикажана на дизајнот на пакувањата.







## 2.1.15. Маркетинг соработка со Медианет ЛТД од 01.12.2023

Маркетинг тимот претстави план за ПР објави и реклами и согласно истиот се пишуваат текстови и се прават банери за рекламирање на порталите на групацијата. Концептот ни е да објавуваме текстови секој месец за одредени поводи кои ќе бидат комбинирани со понуда од наши производи и рекламни текстови за сите наши продавници со селектирани фотографии.








## 2.1.16. Социјални медиуми

На социјалните мрежи, во 2023 година, стигнавме до бројката од 84.000 фанови кои го „лајкнале" нашиот профил на Facebook, додека 85.000 фанови го следеле нашиот профил.

На социјалната мрежа Instagram, 2023 година ја завршивме со 15.900 фанови кои го следеле нашиот профил. На оваа социјална мрежа до крајот на 2023 година, беа објавени 1.600 постови.

Во продолжение се наведени слики од објавите кои предизвикаа најголем интерес во текот на 2023 година.

















## 3. Производство

Во 2023 г остварено е вкупно производство од 3.973,3 тона и е намалено за 7,8% во споредба со истиот период во 2022 година. Планот е остварен со 88,3%.

Табела бр.3

| ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2023 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Група на производи | 2022 | 2023 | раст/пад | План 2023 | Остварување на план за 2023 |
| | кг | кг | % | кг | % |
| Сектор за производство на какао производи, десерти и локум | | | | | |
| Крем банани | 981.806 | 994.226 | 1,27 | 1.054.000 | 94,33 |
| Локум | 395.187 | 348.182 | -11,89 | 395.000 | 88,15 |
| Пралине | 162.464 | 119.970 | -26,16 | 160.000 | 74,98 |
| Чоколади | 106.185 | 77.150 | -27,34 | 107.000 | 72,10 |
| Штангли | 90.694 | 72.600 | -19,95 | 90.000 | 80,67 |
| Десерти | 67.489 | 61.291 | -9,18 | 68.000 | 90,13 |
| Бонбониери | 57.294 | 59.459 | 3,78 | 57.000 | 104,31 |
| Чоколокум | 36.296 | 29.796 | -17,91 | 36.000 | 82,77 |
| Гумени и желе бонбони | 25.224 | 19.353 | -23,28 | 26.000 | 74,44 |
| Какао крем производи | 4.361 | 3.298 | -24,38 | 5.000 | 65,96 |
| Какао прав | 1.744 | 1.345 | -22,88 | 2.000 | 67,25 |
| **Вкупно** | **1.928.744** | **1.786.670** | **-7,37** | **2.000.000** | **89,33** |
| Сектор за бонбонски производи | | | | | |
| Бонбони | 849.091 | 772.732 | -8,99 | 900.000 | 85,86 |
| Бастуми | 138.078 | 146.608 | 6,18 | 150.000 | 97,74 |
| Карамели | 143.627 | 119.458 | -16,83 | 142.000 | 84,13 |
| Желе | 83.348 | 58.118 | -30,27 | 85.000 | 68,37 |
| **Вкупно** | **1.214.144** | **1.096.916** | **-9,66** | **1.277.000** | **85,90** |
| Сектор за брашнено - кондиторски производи | | | | | |
| Вафли | 904.270 | 908.612 | 0,48 | 950.000 | 95,64 |
| Чоколадирани вафли | 246.993 | 177.393 | -28,18 | 250.000 | 70,96 |
| Бисквитни колачи | 14.835 | 3.699 | -75,07 | 23.000 | 16,08 |
| **Вкупно** | **1.166.098** | **1.089.704** | **-6,55** | **1.223.000** | **89,10** |
| **Вкупно** | **4.308.986** | **3.973.290** | **-7,79** | **4.500.000** | **88,30** |


ПРОИЗВОДСТВО 2023
Сектор за
производст
во на какао
45%
Сектор за
бонбонски
производи
28%


ПРОИЗВОДСТВО 2023
Сектор за производство на какао производи, десерти и локум
Сектор за бонбонски производи
Сектор за брашнено - кондиторски производи
2023 Г
2022 Г


ПРОИЗВОДСТВО 2023
Q1
Q2
Q3
Q4
Сектор за производство на какао производи, десерти и локум
Сектор за бонбонски производи
Сектор за брашнено - кондиторски производи

## 4. Објаснувачки белешки за финансиските извештаи

### 4.1. Вкупни приходи

Табела бр.4

| ПРИХОДИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | Раст/Пад |
| | МКД | МКД | % |
| Приходи од странски пазар | 468.706.134 | 456.864.531 | -2,53 |
| Приходи од сопствени производи-домашен пазар | 292.908.727 | 340.906.015 | 16,39 |
| Приходи од дневен пазар - наши продавници | 68.518.168 | 85.254.575 | 24,43 |
| Приходи од туѓа роба, транзит и материјали и отпад | 8.963.435 | 12.827.386 | 43,11 |
| Останати приходи | 6.116.861 | 4.931.486 | -19,38 |
| Приходи од поврзани субјекти | 1.989.696 | 1.623.480 | -18,41 |
| Приходи од наемнини | 437.791 | 375.848 | -14,15 |
| Приходи од имот | 1.530.816 | 0 | |
| **Оперативни приходи** | **849.171.628** | **902.783.319** | **6,31** |
| Приходи од камати | 811.095 | 2.799.480 | 245,15 |
| Позитивни курсни разлики | 2.567.906 | 1.039.598 | -59,52 |
| Приходи од дивиденди | 961.950 | 961.950 | 0,00 |
| **Финансиски приходи** | **4.340.951** | **4.801.028** | 10,60 |
| **Вкупно** | **853.512.579** | **907.584.347** | **6,34** |

Во 2023 година остварени се вкупни приходи на износ од 907.584.347 денари и во однос на 2022 година зголемени се за 6,3%.

## 4.2. Вкупни расходи

Табела бр.5

| ТРОШОЦИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Трошоци за суровини и материјали** | **2022** | **2023** | **раст/пад** |
| | **МКД** | **МКД** | **%** |
| Трошоци за суровини | 276.480.966 | 300.538.408 | 8,70 |
| Трошоци за амбалажа | 109.741.190 | 112.266.215 | 2,30 |
| Природен гас, нафта | 51.848.862 | 30.052.622 | -42,04 |
| Потрошена електрична енергија | 37.926.884 | 14.850.655 | -60,84 |
| Потрошени резервни делови | 3.809.515 | 3.377.009 | -11,35 |
| Отпис на ситен инвентар/авто гуми | 617.079 | 2.096.348 | 239,72 |
| Канцелариски материјал | 673.756 | 1.569.599 | 132,96 |
| Трошоци за ХТЗ опрема | 1.594.864 | 1.272.515 | -20,21 |
| Потрошено гориво | 749.393 | 546.405 | -27,09 |
| Трошоци за материјали | 1.350.191 | 168.938 | -87,49 |
| **Вкупно** | **484.792.700** | **466.738.713** | **-3,72** |
| Бруто плата | 164.307.629 | 181.484.017 | 10,45 |
| Останати трошоци за вработени | 15.111.565 | 17.673.663 | 16,95 |
| Регрес за годишен одмор | 5.435.724 | 5.821.217 | 7,09 |
| Надомест за пензија и технолошки вишок | 1.105.911 | 1.015.627 | -8,16 |
| **Вкупно** | **185.960.829** | **205.994.524** | **10,77** |
| Дадени одобренија на купувачи по договор | 25.715.001 | 63.612.578 | 147,38 |
| Трошоци за ОД и др. договорни услуги | 18.977.483 | 18.822.046 | -0,82 |
| Данок на имот, фирмарина и РДТ | 1.483.390 | 3.315.503 | 123,51 |
| Вредносно усогласување на материјали и отпис на основни средства | 212.755 | 1.879.878 | 783,59 |
| Трошоци за репрезентација | 1.075.025 | 1.641.424 | 52,69 |
| Провизии | 1.875.237 | 1.551.214 | -17,28 |
| Здравствени услуги и др. образовни услуги | 567.912 | 740.026 | 30,31 |
| Трошоци за осигурување | 631.372 | 568.685 | -9,93 |
| Трошоци за ревизија | 323.898 | 511.506 | 57,92 |
| Административни трошоци и адвокатски услуги | 660.212 | 405.717 | -38,55 |
| Останати вонредни трошоци и од минати години | 216.289 | 391.286 | 80,91 |
| Останати трошоци од работење | 480.671 | 354.911 | -26,16 |
| Членарини | 317.812 | 342.448 | 7,75 |
| Спонзортва и донации | 433.885 | 250.000 | -42,38 |
| Трошоци за службени патувања и дневници | 421.907 | 99.335 | -76,46 |
| Кусоци | 484.539 | 38.795 | -91,99 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Трошоци за списанија | 9.594 | 15.776 | 64,44 |
| **Вкупно** | **53.886.982** | **94.541.127** | **75,44** |
| Производствени услуги | 14.262.570 | 12.853.795 | -9,88 |
| Трошоци за реклама и маркетинг | 9.139.534 | 10.169.696 | 11,27 |
| Трошоци за вода, ѓубретарина, отпад | 8.563.729 | 7.403.655 | -13,55 |
| Трошоци за закупнини | 5.337.287 | 6.041.696 | 13,20 |
| Услуги за тековно и инвестиц.одржување | 2.526.856 | 2.123.954 | -15,94 |
| Обезбедување | 1.745.400 | 1.801.482 | 3,21 |
| Информатички услуги | 1.183.608 | 1.786.115 | 50,90 |
| Телекомуникациски услуги | 958.642 | 1.111.414 | 15,94 |
| Консултантски услуги | 464.659 | 576.950 | 24,17 |
| Услуги за превоз и регистрација на возен парк | 350.751 | 312.333 | -10,95 |
| Услуги за складишта и терминал,извозно царинење | 462.470 | 284.210 | -38,55 |
| **Вкупно** | **44.995.506** | **44.465.299** | **-1,18** |
| Амортизација - производство | 25.916.057 | 24.765.770 | -4,44 |
| Амортизација - администрација | 10.608.324 | 11.063.778 | 4,29 |
| **Вкупно** | **36.524.381** | **35.829.548** | **-1,90** |
| Набавна вредност на продадени материјали | 4.857.192 | 5.848.930 | 20,42 |
| Набавна вредност на трговска стока(туѓа роба) | 5.961.951 | 5.907.680 | -0,91 |
| **Вкупно** | **10.819.143** | **11.756.610** | **8,66** |
| Трошоци за курсни разлики и др.финансиски трошоци | 3.272.198 | 2.285.423 | -30,16 |
| Трошоци за камати | 356.045 | 46.229 | -87,02 |
| **Вкупно** | **3.628.243** | **2.331.652** | **-35,74** |
| **Вкупно трошоци** | **820.607.784** | **861.657.472** | **5,00** |

Во 2023 година вкупните расходи изнесуваат 861.657.472 денари и во однос на 2022 година се зголемени за 5%.

## 4.3. Извештај за паричен тек

Табела бр.6

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ВО 000 денари | | |
|---|---|---|
| | 2022 | 2023 |
| | МКД | МКД |
| Нето добивка по оданочување | 41.919 | 33.479 |
| Прилагодување за: | | |
| Амортизација | 36.524 | 35.829 |
| Зголемување/намалување на залихи | -47.172 | 48.553 |
| Зголемување/намалување на купувачи | 15.246 | -29.643 |
| Зголемување/намалување на останати кратк.побарувања | -3.708 | 9.008 |
| Зголемување/намалување на АВР | 69 | -94 |
| Зголемување/намалување на обврски спрема добавувачи | -33.453 | 8.096 |
| Зголемување/намалување на краткорочни обврски | 18.262 | 1.378 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 1.275 | 1.616 |
| капитална добивка/загуба од основни средства | -1.398 | 663 |
| **Парични текови од оперативни активности** | **27.566** | **108.885** |
| Набавки на недв.постр.,опрема,немат.с-ва | -50.478 | -17.863 |
| Продажба на недвижности и постројки | 1.531 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од инв.актив. | -58.341 | -66.958 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | **-107.288** | **-84.821** |
| Парични исплати за враќање на заеми | -10.321 | -6.126 |
| Исплатена дивиденда | -27.496 | -11.458 |
| **Парични текови од финансиски активности** | **-37.817** | **-17.584** |
| **Зголемување/намалување на парични средства** | **-117.539** | **6.480** |
| Парични средства на почеток на годината | 146.091 | 28.552 |
| **Парични средства на крајот на годината** | **28.552** | **35.032** |

## 4.4. Извештај за промена на капитал

Табела бр.7

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНА НА КАПИТАЛ 2023 г | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Капитал на акционерите (000 МКД) | | | |
| | **Акционерски капитал** | **Законски, ревалоризациони и останати резерви** | **Акумулирана добивка** | **Вкупно капитал** |
| **Состојба на 1 јануари во претходната година 2022 г** | **544.150** | **106.462** | **279.447** | **930.059** |
| Добивка за финансиската година | | | 41.918 | **41.918** |
| Исплатени дивиденди | | | -11.502 | **-11.502** |
| Распределба на добивката за награди и користи на вработените | | | -16.036 | **-16.036** |
| **Состојба на 31 декември во претходната година 2022 г** | **544.150** | **106.462** | **293.827** | **944.439** |
| Добивка за финансиската година | | | 33.478 | **33.478** |
| Исплатени дивиденди | | | -11.502 | **-11.502** |
| **Состојба на 31 декември во тековната година 2023 г** | **544.150** | **106.462** | **315.803** | **966.415** |

## 4.5.Инвестиции

Вкупните инвестиции во 2023 година изнесуваат 26.727.635 денари. Најголем дел од инвестициите е направен за опрема.

Табела бр.8

| ИНВЕСТИЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | раст/пад |
| | МКД | МКД | % |
| Нематеријални средства во подготовка- софтвер | 1.155.660 | 1.211.280 | 4,81 |
| Земјиште | 7.553.934 | 0 | -100,00 |
| Опрема | 30.497.799 | 21.941.378 | -28,06 |
| Лабараториска Опрема | 327.000 | 24.000 | -92,66 |
| Друга опрема | 1.704.408 | 776.103 | -54,46 |
| Градежни објекти | 2.966.364 | 2.318.478 | -21,84 |
| Транспортни средства | 5.043.620 | 294.953 | -94,15 |
| Сметачки машини | 189.012 | 161.443 | -14,59 |
| **Вкупно** | **49.437.797** | **26.727.635** | **-45,94** |

## 4.6. Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденда се додека истата не се ратификува на Годишното собрание на акционери. На 12.05.2023 година Годишното собрание на акционери одобри пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2022 година на износ од 11.501.700 денари, односно бруто дивиденда по акција 50 денари.

По однос на обелоденување на политика на дивиденди, АД ЕВРОПА Скопје на акционерите им исплаќа дивиденда само откако ќе се исплатат сите обврски на друштвото и трошоци за капиталот. Во досегашното работење на АД ЕВРОПА Скопје, водејќи се од начелото на резидуална дивидентна политика, на акционерите им исплаќа дивиденда согласно законски предвидената постапка.

## 4.7. Побарувања и парични средства

Табела бр.9

| ПОБАРУВАЊА И ПАРИЧНИ СРЕДСТВА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | раст/пад |
| | МКД | МКД | % |
| Купувачи во земјата | 82.330.222 | 109.735.837 | 33,29 |
| Купувачи во странство | 68.680.760 | 71.231.926 | 3,71 |
| Купувачи од поврзани субјекти | 795.591 | 481.282 | -39,51 |
| **Вкупно** | **151.806.572** | **181.449.045** | **-9,13** |
| Побарувања за дадени аванси | 10.426.547 | 1.313.871 | -87,40 |
| **Вкупно** | **10.426.547** | **1.313.871** | **-87,40** |
| ДДВ за поврат | 7.262.827 | 7.274.028 | 0,15 |
| **Вкупно** | **7.262.827** | **7.274.028** | **0,15** |
| Останати побарувања | 2.445.925 | 725.604 | -70,33 |
| Побарувања од вработени | 4.086 | 106.100 | 2496,67 |
| Побарувања од камати | 25.230 | 382.463 | 1415,91 |
| Краткорочни вложувања во девизи до 1 година | 58.418.540 | 125.448.500 | 114,74 |
| **Вкупно** | **60.893.781** | **126.662.667** | **108,01** |
| Жиро сметка девизна | 23.699.486 | 30.048.889 | 26,79 |
| Жиро сметка денарска | 4.745.381 | 4.880.291 | 2,84 |
| Благајна девизна | 59.153 | 57.099 | -3,47 |
| Благајна денарска | 48.157 | 41.174 | -14,50 |
| Картица | 0 | 4.953 | |
| **Вкупно** | **28.552.177** | **35.032.406** | **22,70** |
| **Вкупно** | **258.941.903** | **351.732.017** | **35,83** |

Во 2023 година побарувањата од купувачите изнесуваат 182.762.916 денари и во однос на 2022 година се зголемени за 12,7%.

Паричните средства изнесуваат 35.032.406 денари и се поголеми за 22,7%.

## 4.8. Обврски

Табела бр.10

| ОБВРСКИ | | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | раст/пад |
| | МКД | МКД | % |
| Добавувачи од земјата | 76.042.850 | 12.839.889 | -83,11 |
| Добавувачи од странство | 8.717.614 | 15.664.729 | 79,69 |
| Примени аванси | 1.269.436 | 5.243.571 | 313,06 |
| Нето плати | 10.452.156 | 10.209.024 | -2,33 |
| Добавувачи поврзани субјекти | 9.905.612 | 70.283.478 | 609,53 |
| Даноци и придонеси | 5.370.017 | 5.247.790 | -2,28 |
| Обврски спрема вработени | 507.576 | 304.282 | -40,05 |
| Неисплатени дивиденди | 686.036 | 727.936 | 6,11 |
| Останати обврски | 1.990.436 | 3.737.219 | 87,76 |
| Персонал. данок, дивиденди | 71.966 | 74.016 | 2,85 |
| Обврски ОД | 16.216.361 | 18.042.033 | 11,26 |
| Обврски персонален ОД | 19.980 | 13.313 | -33,37 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | **131.250.040** | **142.387.279** | **8,49** |
| Халк банка | 6.125.707 | 0 | |
| **Вкупно краткорочни кредити** | **6.125.707** | **0** | |
| **Вкупно долгорочни кредити** | **0** | **0** | |
| **ВКУПНО** | **137.375.747** | **142.387.279** | **3,65** |

Обврските кон добавувачите изнесуваат 98.788.096 денари и се зголемени за 4,4% во однос на 2022 година.

## 4.9. Вложувања

Табела бр.11

| ВЛОЖУВАЊА | | | |
|---|---|---|---|
| | 2022 | 2023 | раст/пад |
| | МКД | МКД | % |
| Европак 2012 ДООЕЛ Скопје | 37.850.000 | 37.850.000 | 0,0 |
| **Вкупно вложување во подружници** | **37.850.000** | **37.850.000** | **0,0** |
| Вложувања во котирани друштва на официјалниот пазар на Македонската берза - подсегмент берзанска котација | 201.561.333 | 201.561.333 | 0,0 |
| Вложувања во котирани друштва на официјалниот пазар на Македонската берза - подсегмент задолжителна котација | 879.550 | 879.550 | 0,0 |
| Вложувања во удели на трговски друштва | 28.612.300 | 28.612.300 | 0,0 |
| **Вложувања расположливи за продажба** | **231.053.183** | **231.053.183** | **0,0** |
| **Вкупно вложувања** | **268.903.183** | **268.903.183** | **0,0** |

## 5. Корпоративно управување

АД ЕВРОПА Скопје и покрај тоа што не ја опфаќа донесениот кодекс за коорпоративно управување на Македонска берза АД Скопје и во 2023 година продолжи да ги применува добрите практики на корпоративно управување.

Во текот на 2023 година, друштвото одржа редовно Собрание на акционери во месец мај, при што беше испочитуван принципот за остварување на правата и интересите на акционерите. Акционерите своите права во друштвото ги остваруваат на Собранието на друштвото и имаат еднаков третман согласно правата кои произлегуваат од класата и родот на нивните акции. Друштвото ги штити правата и интересите на акционерите на тој начин што овозможува остварување на нивните права да предлагаат точки на дневен ред, поставуваат прашање во врска со точките на дневниот ред, да се вклучуваат во дикусијата, да даваат забелешки на текот на седницата на Собранието и да бараат истите да бидат внесени во Записникот од Собранието.

Друштвото при свикување на седницата на редовното годишно Собрание на акционери во мај 2023 година, во целост ја испочитува пропишаната постапка за свикување на Собранието, достапноста на информациите, постапката за пријавување/учество, како и начинот на водењето на Собранието.

Постапувајќи по Правилата за котација на македонска берза на хартии од вредност АД СКОПЈЕ, а се со цел остварување на принципот на транспарентност, друштвото секогаш навремено и точно информираше и доставуваше на интернет страницата на македонската берза, ценовно чувствителни информации, финансиски извештаи и информации поврзани со измени во органи на управување.

На седницата на Собранието на акционери на АД Европа Скопје одржана на 12.05.2023 година се донесе Одлука за одобрување на голема зделка со заинтересирана страна, помеѓу АД Европа и Фершпед АД Скопје во вредност од 324.250.000 денари ,во кој износ не е вклучен ДДВ, која претставува 29,97% од книговодствената вредност на имотот на друштвото определена според ревидирани финансиски извештаи на АД Европа Скопје за 2022 година и истата согласно член 455 од Законот за трговските друштва и Статутот на АД ЕВРОПА Скопје претставува голема зделка. Заради постоење на взаемен интерес за деловна соработка во рамки на редовното работење, предмет на зделката се купување, продавање на материјали и стоки, аванси, гаранции, земање и давање на краткорочни парични позајмици, шпедитерски услуги и организација на транспорт, организирана исхрана и користење други услуги по пазарни услови за слични видови на зделки. Одборот на директори ја утврди вредноста на зделката за што побара мислење од независен и овластен

ревизор кое е содржано во Извештајот за разумно уверување во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна од БЕНД Ревизија и консалтинг ДОО Тетово.

Согласно Кодексот за деловна етика, друштвото воспостави збир од професионални стандарди и корпоративни вредности кои се применуваат подеднакво кон клиентите и деловните партнери. Во тој контекст, АД ЕВРОПА Скопје остана доследна во уверувањето дека освен секоја деловна трансакција, од посебна важност е и негувањето на долгорочните партнерски односи со добавувачите и соработниците, базирани на меѓусебна доверба и почитување. Флексибилноста на посебните барања и услови на нашите добавувачи и деловните партнери се наша конкурентска предност, а ставот дека купувачот е партнер на долги стази е наша секојдневна филозофија.

Во врска со почитување на принципот на редовна и ефикасна контрола и ревизија на работењето на друштвото, сакаме да истакнеме дека од страна на Собранието на друштвото секоја година се избира друштво за ревизија од редот на независните професионални ревизорски институции кое врши ревизија на финансиските извештаи.

Оттаму, согласно ЗТД, Одборот на директори на друштвото ја испитува објективноста на финансиските извештаи и утврдува дека објективно ја претставуваат финансиската состојба, во сите материјални значајни аспекти. Тоа се гледа и во извештајот на ревизорите, каде е наведено дека сите финансиски извештаи ја презентираат објективно од сите материјални аспекти финасиската состојба на АД ЕВРОПА Скопје заклучно со 31 декември 2023 година како и неговата финасиска успешност и неговите парични текови за годината што измина, во согласност со Меѓународните стандарди за финасиско известување што се прифатени и објавени во Република Македонија.

Како аргумент плус кон почитувањето на принципот на контрола и ревизија на работењето на друштвото е и организираната независна организациона единица за внатрешна ревизија, чии вработени извршуваат исклучиво работи од доменот на внатрешната ревизија и секогаш навремено доставуваат до Одборот извештаи за спроведената ревизија.

Согласно Кодексот на деловна етика АД Европа Скопје има интерен акт - правилник за наградување на членовите на органот на управување и вработените со кој се уредуваат правилата и критериумите за определување висината на надоместоците – наградите за истите. Надоместоците – наградите се исплатуваат во бруто износи со рангирање, врз основа на видот на надлежностите, долгорочната успешност во работењето, превземање на ризици и доверливост и се евидентираат како трошоци на товар на работењето на друштвото на крајот на тековната година, а се

исплаќаат по усвојување на годишниот извештај за работењето на друштвото и ревидираните финансиски извештаи на Годишното собрание на акционери на АД Европа Скопје. Исплатата на надоместоците – наградите не ја ограничува можноста на друштвото за зајакнување на нејзината солвентна позиција ниту пак влијае на ликвидноста на друштвото. На членовите на ОД во друштвото им е исплатен месечен надоместок за деловната 2023 година како и награди согласно одлуката за распределба/употреба на добивката за 2022 година, донесена на Собрание на акционери одржано на ден 12.05.2023 година.

Друштвото има јасно поставена организациона структура, со прецизно дефинирани права и одговорности на органите на управување и на другите органи на друштвото, со тоа што го потврдуваат принципот на поделба на надлежности.

Извршувањето на своите секојдневни активности, друштвото ги врши во согласност со законската регулатива и подзаконски акти кои се применуваат подеднакво за сите членови на органите на надзор и управување, лицата со посебни права и одговорности и за останатите вработени во друштвото.

Генерален директор,
Марика Караџова